## ЗАПОМНЕТЕ ГО ДАТУМОТ

# Светски ден на срцето
# 29 Септември 2012

Кардиоваскуларните заболувања се водечка причина за морбидитет и морталитет во светот и кај нас. Се проценува дека 17,3 милиони луѓе умираат секоја година од срцеви заболувања и дека овој број ќе порасне до 23,6 милиони до 2030 година.

Македонското здружение по кардиологија, како член на Светската федерација за срце, Ве повикува и оваа 2012 година да учествувате во одбележувањето на Светскиот ден на срцето на 29 Септември 2012 година под мотото **“Еден свет, еден дом, едно срце“**.

Оваа година, глобалната кампања на Светскиот ден на срцето е насочена кон жените и децата, ги охрабува жените да се погрижат за здравјето на своето срце и срцата на членовите на своите семејства, превземајќи витални чекори во редукција на ризикот од срцеви заболувања – физичка активност, престанок со пушење, здрава исхрана, но и евалуација на личниот кардиоваскуларен ризик**.**

**”ДЕЛУВАЈ СЕГА – за да ги спасиш животите на оние кои ги сакаш”**

**“Жените мора да превземат акција и да го адаптираат своето однесување за здраво срце, не само превенирајќи ја изложеност на ризик факторите на себе, туку и за доброто на нивните деца”**

Со цел промоција на свесноста за кардиоваскуларните заболувања и нивна превенција, на 29 Септември 2012година Македонското здружение по кардиологија и традиционалниот покровител на настанот - фармацевтската компанија Bayer, ќе превземат локални активности во одбележување на Светскиот ден на срцето 2012.

Со задоволство очекуваме да ни се придружите!

Од срце,
Македонско здружение по кардиологија